Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-1351/1
10.06. 2015 год.
СКОПЈЕ

# *Р Е Ф Е Р А Т*

## за избор во наставно звање професор во областа на Маркетинг

Со Одлука донесена на 40-та седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" – Скопје од 15.05.2015 година определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставничко звање професор во областа на Маркетинг на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 14.02.2015 год. и во предвидениот рок се пријавија само еден кандидат со следниве податоци:

- д-р Слаџана Стојановска од Скопје, родена 02.08.1960, доктор на економски науки со работно искуство од 34 години, од кои 27 години во градежниот сектор, медиумите и консалтинг и 7 години во високото образование. Стекнатото искуство го има инкорпорирано во голем број домашни и меѓународни проекти. Има напишано и објавено повеќе научни трудови и има учествувано на повеќе конференции.

Врз основа на приложената документација и разговорот со кандидатот во однос на неговото професионално искуство и очекувања од изборот, чест ни е на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје да му предложиме да биде избран кандидатот д-р Слаџана Стојановска, за што го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ</u>**

д-р Слаѓана Стојановска е родена на 02.08.1960 година во Велес, Република Македонија. Во 1989 година дипломирала на Правниот факултет во Скопје, насока Интердисциплинарни студии по новинарство и се стекнала со звање дипломиран новинар.

Во академската 2000/2001 година се запишува на последипломски студии на Институтот за социолошки, политички правни истражувања, насока кадровски менаџмент и во 2003 година, со успех го одбранила магистерскиот труд со наслов „Влијанието на менаџментот врз конкурентноста кај малите и средни претпијатија во Република Македонија ", со што се стекна со звање магистер по менаџмент.

На 28 септември, 2008 година, на факултетот за Биснис економија, во Скопје, со успех го одбранува докторскиот труд под наслов "Менаџмент практики за конкурентност и конкурентни перформанси на претпријатијата во Македонија" и се стекна со научен степен доктор на економски науки.

Професионалната кариерата ја започнува 1980 во ГП Бетон-Скопје, РЕ во Велес, во градежната оператива, за потоа во 1985, добива нови работни задачи во една од РЕ во Скопе, на работно место: раководител на план и анализа. Од 1993 до 1999, продолжува да работи во Македонската радио и телевизија (МРТВ), како репортер, новинар и уредник на ТВ емисии во информативната и документарната програма. Во 2000 формира сопствена консултанска компанија Марк Конс, во Скопје и до 2008 година работи како консултант на различни домашни и меѓународни проекти, во кои го инкорпорира своето знаење и претходно работно искуство. Во 2008 година, веднаш по докторирањето хонорарно е ангажирана на Факултетот за Бизнис економија (ФБЕ), каде е избрана за доцент на група предмети од областа на Маркетинг, за во 2009 година да заснова работен однос на неопределено време. Од 2010 година, со трансформација на ФБЕ во Високо стручна школа "Факултет за бизнис економија" е избрана за виш предавач на група предмети од областа на маркетинг, а со основањето на Институтот за бизнис економија (ИБЕ), во 2010 година, истотака е избрана во научен соработник на ИБЕ.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на својата работа во високообразовна дејност, кандидатот има држано настава на судии од прв циклус по следните предмети: Маркетинг менаџмент, Меѓународен маркетинг, Маркетинг информациски системи, Стратегии на промоција, Дистрибутивни канали, Маркетинг на услуги, Бизнис планирање и Проектен менаџмент, за кои одржувал и консултации со студенти и подготвувал материјали за предметите. Покрај тоа, кандидатот подготвил и две интерни скрипти за предметите: Однесување на потрошувачите и Интегриран бизнис курикулум. Истотата, бил ментор на значаен број на дипломски, специјалистички и семинарски трудови, од областа на споменатите предмети и член на комисија за одбрана на еден магистерски труд и еден докторски труд.

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во последните пет години, кандидатот бил ангажиран во повеќе домашни и меѓународни проекти, меѓу кои:

**Проекти**

1. Координатор на проектните активности на ФБЕ во проектот ***Обука на градежни работници за енергетска ефикасност ("BUILD UP Skills- Builders' Energy Efficiency Training- BEET")***, CIP-IEE-2013, од програмата Хоризонт 20/20.

2. Консултант во проектот: ***"Од идеја до бизнис"***,иницирaн од страна на владата на РМ, UNDP и АППРМ, каде во период од седум години изработил околу 60 бизнис плана за невработени лица кои сакале да отпочнат сопствен бизнис и да се самовработат.

3. Подготвување на тренинг модул ***Practical Guide to contract procedure for EU external actions (PRAG)*** за подршка на општините во рамки на Министерството за Локална самоуправа на РМ, финансиран од ГИЗ.

Кандидатот има учествувано на повеќе меѓународни конференции и објавено трудови во зборници и списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓу кои:

**Трудови објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**

1. *Narayan, Kar, R., Bhasin, N, Stojanovska, S.* ***How Does Institutional Mechanism Influence Competitiveness? Research Agenda and Evidence from Selected Countries****, Fifth Reading - UNCTAD International Business Conference, "Contemporary Issues in International Business Theory", 2015, organized by Henley Business School University of Reading UK*

2. Stojanovska, S., Kralev, T., ***Value chain index frame: benchmarking of company's competitive advantages among Bulgaria and Macedonia,*** прифатен за Conference proceedings, XIII International scientific conference "Management and Engineering 12", 2015, Sozopol, Bulgaria,

3. ***The efficeincy of Macedonia's innovation platform***, International conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-Eastern Europe: book of abstract/ International conference, Ohrid, Macedonia, October 3-4, 2014,- Prilep: Faculty of economy, p. 136

4. ***Macedonian company sophistication and competitiveness among neighbor countries in region,*** Conference proceedings, vol I, X International scientific conference "Management and Engineering 12", 2012, Sozopol, Bulgaria, p. 487-497

5. ***State and prospects of the Macedonian cluster development in regional and global completive frameworks.*** Conference proceedings, vol II, X International scientific conference "Management and Engineering 12", 2012, Sozopol, Bulgaria, p. 840-850

**Трудови објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

6. Stojanovska, S., ***Direction for national sustainable prosperity,*** will be published in the Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of Macedonia, 2015

7. Stojanovska, S., ***Macedonia's sustainable competitive performance,*** Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of Macedonia, 2015, p. 77-90

8. ***Paradigm for sustainable development***, Journal for sustainable development, 2012, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of Macedonia, p.75-82

9. ***Sales forecasting practices in Macedonian***, глава 5, *Handbook of Research,* **Effective marketing in contemporary globalism**, p. 90-101, IGI Global, USA editing by Christiansen, B., Yildiz, S., Yildiz, E.

**Предавања на научен стручен собир – со меѓународно учество**

a.) ***The efficeincy of Macedonia's innovation platform,*** International conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-Eastern Europe, Ohrid, Macedonia, October 3-4, 2014

b.) ***Бизнис практики за глобална конкуремнтност***, The European day of the Entrepreneur, European SME week 2011, секција: Предизвици во развојот на иновативноста и конкурентноста на МСП, 11 мај, 2011, Александар Палас, Скопје

c.) ***Иновации во маркетингот***, The European day of the Entrepreneur, European SME week 2010, секција: Иновациите и претприемничкиот бизнис, 11 мај, 2010, Александар Палас, Скопје,

**СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

**Дејности од поширок интерес:**

- *член на уредувачки одбор на:*

A. Focus: Journal of International Business (www.journalpressindia.com)

B. Handbook of Research: **Effective marketing in contemporary globalism**, IGI Global, USA, editing by Christiansen, B., Yildiz, S., Yildiz, E. (http://www.igi-global.com/book/handbook-research-effective-marketing-contemporary/102230)

C. Transcultural marketing for incremental and radical innovation, IGI Global, USA, editing by Christiansen, B., Yildiz, S., Yildiz, E. (http://www.igi-global.com/book/transcultural-marketing-incremental-radical-innovation/78254)

- *член на програмски одбор на конференција*

D. Naucna konferencija: Odrzliv razvoj savremeni i multidisciplinarni pristupi – ERAZ 2015, Beograd 11, juni (www.eraz.org.rs)

Кандидатот е член на МСА2000- Македонска аспцијација на консултанти.

Кандидатот во процесот на самоевалуација на Факултетот во студиската 2013/14 година, согласно Извештајот за самоевалуација беше позитивно оценет во сите сегменти на процесот, и тоа: од страна на студнетите во анкетните прашалници, во текот на опсервациите на наставата од страна на Комисијата за опсервации како и согласно самоевалуациот извештај на кандидатот. Од целиот овој процес може да се констатира посветеност на кандидатот во извршување на педагошката дејност на Факултетот.

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Слаџана Стојановска, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени:

**129 (НО) + 57(НИ)+ 15(САОР)= 201 поени**

Во прилог на овој извештај, а во врска со претходната пресметка на поени е табелата во која се содржани Наставно-образовните, Научно-истражувачи и Стручно апликативни и организациско развојни активности на кандидатката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Слаџана Стојановска има повеќе годишно искуство во наставно-образовна работа во областа на маркетингот, како и афинитети за научно - истражувачка работа. Оттука може да оцениме дека д-р Слаџана Стојановска ги задоволува не само законски предвидените критериуми, туку и интерните критериуми за да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје, во областа на Маркетинг менаџмент.

Затоа на Наставничкиот совет на Факултетот му предлагаме да ја избере д-р Слаџана Стојановска во звањето **професот во областа на Маркетинг менаџмент.**

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. проф. д-р Мирко Трипуноски, редовен професор ____________________

2. проф. д-р Ванчо Узунов, редовен професор ____________________

3. проф.д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор ____________________

## ПРИЛОГ

Табела за вреднување на активностите на д-р Слаѓана Стојановска, насловно звање виш предавач, во изборниот период 2010, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Факултетот за бизнис економија

| 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|
| Одржување на настава[1] | |
| - од прв циклус студии 8x12x0,25x2 | 48 |
| - од втор циклус студии 0,35 | |
| Изработка на семинарски труд 4x12x0,15x2[2] | 15 |
| Консултации со студент 200x0,1[3] | 10 |
| Ментор на дипломска работа 82x0,3 | 25 |
| Ментор на специјалистичка работа 8x1,5 | 12 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 2x1,5 | 3 |
| Интерна скрипта од предавања 2x4 | 8 |
| Пакет материјали за одреден предмет 4x2 | 8 |
| **ВКУПНО1** | **129** |

| 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|
| Раководител на национален научен/апликативен проект 6x2 | 12 |
| Учесник во меѓународен научен/апликативен проект | 5 |
| Труд објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор 3x4 | 12 |
| Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор 4x3 | 12 |
| Предавање на научен/стручен собир 2x1,5 | 3 |
| Предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество 3x2,5 | 7 |
| Учество на научен собир/конференција 2x1 | 2 |
| Учество на научен собир/конференција со меѓународен карактер 2x2 | 4 |
| **ВКУПНО2** | **57** |

| 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|
| Поглавје во книга | |
| - автор | 3,0 |
| Учество во промотивни активности на факултетот 3x1,5 | 4,5 |
| **ВКУПНО3** | **7,5** |

| 4. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | Поени |
|---|---|
| Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание 3x1,5 | 4,5 |
| Резензент во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 1,0 |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 1,0 |
| Член на комисија за избор во звање 5x0,2 | 1,0 |
| **ВКУПНО4** | **7,5** |
| **СЕ ВКУПНО** | **201** |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (12) * по бодување (0,25/0.35). Пример: 3 (часа неделно)* 12 (недели)* 0,25 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = 9 поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (12) * по бодување (0,15). Пример: 3 (часа неделно)*12 (недели)* 0,15 (поени за часови вежби) = 5.4 поени.

[3] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,1 (бодување) = 10 поени.